# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

31 Јануари 2022 година    Гевгелија    Број 1    Година XXXXI

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala)  ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

# АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20,02/21 и 5/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 28.01.2022 донесе

## ОДЛУКА
## За доделување стипендии на талентирани ученици од општина Гевгелија запишани на Медицинските факултети на РСМ за академската 2021/2022 година

### Член 1

Со оваа одлука се доделуваат 5 (пет) стипендии за талентирани ученици запишани на Медицинските факултети на РСМ, жители на општина Гевгелија, за академската 2021/2022 година.

### Член 2

Висината на стипендиите ќе изнесува 6.000,00 денари месечно, за 10 месеци во академската година, за секој студент кому ќе му биде доделена стипендија.

### Член 3

Стипендиите ќе бидат доделувани по пат на јавен конкурс, распишан од страна на Комисијата за образование, култура и спорт при Советот на Општина Гевгелија.

Комисијата од став (1) на овој член, ќе одлучува по доставените пријави врз основа на донесениот Правилник за условите, критериумите и правилата за доделување стипендии на талентирани студенти од општина Гевгелија.

### Член 4

Утврдените средства за стипендиите на студенти ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година и ќе се доделуваат согласно Договор за стипендија на студенти од општина Гевгелија потпишан помеѓу Општина Гевгелија и корисникот на стипендијата.

### Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-261/1
28.01.2022 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02г.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија’’ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.01.2022 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за преземање на водоснабдителен систем од месната заедница на населеното месо Габрово и отстапување на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија**

**Член1**

Со оваа одлука Општина Гевгелија го презема водоводот од месната заедница на населеното место Габрово и го отстапува на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија.

**Член2**

ЈПКД ,,Комуналец“ Гевгелија ќе врши користење, стопанисување и управување со водоводната мрежа и се обврзува да обезбеди трајно и квалитетно водоснабдување на населено место Габрово.

**Член3**

Градоначалникот на Општина Гевгелија ќе формира Комисија за примопредавање на водоснабдителниот систем.

Комисијата од став 1 од овој член ја сочинуваат шест члена и тоа: два члена од Општина Гевгелија, два члена од МЗ Габрово и два члена од ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија.

**Член4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во,,Службен гласник на Општина Гевгелија’’

Бр.09-261/1
28.01.2022 год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

Врз основа на членовите 89 и 123 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.01.2022 година, расправајќи по Предлог-Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Гевгелија за 2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се усвојува Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Гевгелија за 2021 година.

2. Се задолжуваат надлежните служби од општина Гевгелија еден примерок од Годишниот извештај, по усвојувањето, да достават до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

бр.09- 262/1
28.01.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.01.2022 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1**.**Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2021 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-263/1
28.01.2021 год. Претседател
Гевгелија на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.01.2022 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1**.**Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2021 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″**.**

Бр.09-264/1
28.01.2022 год. Претседател
Гевгелија на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.01.2022 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за поддршка на месните заедници во општина Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на месните заедници во општина Гевгелија за 2021 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-265/1
28.01.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.01.2022 година, по расправата по Предлог-Извештајот за реализацијата на Програмата за финансирање на НВО секторот во општина Гевгелија за 2021 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на НВО секторот во општина Гевгелија за 2021 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-266/1
28.01.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 123 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.199/14, 44/15,193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 38 став 1 точка 7 од Статутот на општина Гевгелија („Сл. Гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06 и 8/10), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 2022 година, донесе

# ОДЛУКА
## За донесување на Детален урбанистички план за блок 16 општина Гевгелија, плански период 2014-2024 година

### Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за блок 16 општина Гевгелија, плански период 2014-2024 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

### Член 2

Деталниот урбанистички план за блок 16 општина Гевгелија, плански период 2014-2024 година од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 35,11ха.

Граница на опфатот е:

-На север границата минува низ катастарските парцели КП 1269/1. КП 1270, КП 1271 и продолжува по постојната сообраќајница

-На исток границата се протега по осовината на постојната сообраќајница „7-ми Ноември“

-На југ границата се протега по осовината на постојната сообраќајница,

-На запад границата се движи по постојната сообрачајница и минува нис катастарските парцели КП 1462, КП 1463, КП 1409, КП 1408, КП 1407, КП 1406, КП 1405, КП 1400, продолжува по постојната сообраќајница и продолжува низ катастарските парцели КП 1592, КП 1594, КП 1599/4, КП 1599/6 и КП 1599/5.

### Член 3

Просторот опфатен со Деталниот урбанистички план за блок 16, општина Гевгелија, плански период 2014-2024 година, е со следните намени:

А1 - домување во стамбени куќи
А2 - домување во стамбени згради
Б1 - мали и комерцијални намени
Б2 - големи трговски единици
Б5 - хотелски комплекси
Е1 - комунална инфраструктура
Е2 - комунална супраструктура

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за блок 16 општина Гевгелија, плански период 2014-2024 година, се состои од текстуален и графички приказ, кои се составен дел на оваа Одлука.

**Член 5**

ДУП-от по усвојувањето се доставува на надлежните државни органи и институции утврдени со закон.

**Член 6**

ДУП-от се заверува со потпис и печат на носителот на планот.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-267/1
28.01.2022 г. Претседател
Гевгелија на Советот на Општина Гевгелија

**Патрик Матх с.р.**

**---------------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РСМ" бр.32/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија„ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

## ОДЛУКА
### за прифаќање на Иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за дел од блок 15 (15.11) КО Гевгелија, општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува прифаќање на Иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за дел од блок 15 (15.11) КО Гевгелија, општина Гевгелија.

**Член 2**

Потребата за изработка на Детален урбанистички план за дел од блок 15 (15.11) КО Гевгелија, општина Гевгелија се утврдува од поднесената иницијатива на барателот ДГПТУ „БС Билдинг“ Доо од Гевгелија.

**Член 3**

Средствата за изработка на урбанистичкиот проект од член 1 на оваа одлука ќе се обезбедат од подносителот на иницијативата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија,,

Бр.09-268/1
28.01.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.32/20), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.01.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За донесување на Техничка исправка за ГП 1.04, ГП 1.05, ГП 2.02, ГП 3.01, ГП 3.02, ГП 3.08, ГП 6.05, ГП 6.06, ГП 6.07, ГП 6.08, ГП 6.09, од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија плански период 2009-2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка за ГП 1.04, ГП 1.05, ГП 2.02, ГП 3.01, ГП 3.02, ГП 3.08, ГП 6.05, ГП 6.06, ГП 6.07, ГП 6.08, ГП 6.09, од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија, плански период 2009-2019 година со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Техничка исправка за ГП 1.04, ГП 1.05, ГП 2.02, ГП 3.01, ГП 3.02, ГП 3.08, ГП 6.05, ГП 6.06, ГП 6.07, ГП 6.08, ГП 6.09, од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија, плански период 2009-2019 година е составен дел на Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија, плански период 2009-2019 година која ќе се применува во форма на пречистена верзија на планот за градежните парцели за кои се однесува исправката.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен Гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-269/1
28.01.2022год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија
**Патрик Матх с.р.**

------------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија (″Службен весник на РМ″ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12,119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 02/19 год.) и член 38 став (1) точка 29 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 28.01.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за 2022 година**

1.Се дава согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за 2022 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-90/2 од 17.01.2022 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-270/1
28.01.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

# СОДРЖИНА

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**1**.Одлука за доделување стипендии на талентирани ученици од општина Гевгелија запишани на Медицинските факултети на РСМ за академската 2021/2022 година ....................................................................................................**1**
**2.** Одлука за преземање на водоснабдителен систем од месната заедница на населеното месо Габрово и отстапување на ЈПКД ,,Комуналец“-Гевгелија.........................................................................................................**2**
**3**.Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во општина Гевгелија за 2021 година ..............................................................................................**3**
**4**.Заклучок за усвојување Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на програми и проекти од областа на културата во општина Гевгелија за 2021 година.....................................................................................**3**
**5**.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2021 година...........................................................................................................**4**
**6.** Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на месните заедници во општина Гевгелија за 2021 година ..............**5**
**7**.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за финансирање на НВО секторот во општина Гевгелија за 2021 година...............**5**
**8**. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за блок 16 општина Гевгелија, плански период 2014-2024 година .......................................................**6**
**9**.Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Детален урбанистички план за дел од блок 15 (15.11) КО Гевгелија, општина Гевгелија ......................................... **7**
**10.**Одлука за донесување на Техничка исправка за ГП 1.04, ГП 1.05, ГП 2.02, ГП 3.01, ГП 3.02, ГП 3.08, ГП 6.05, ГП 6.06, ГП 6.07, ГП 6.08, ГП 6.09, од Урбанистички план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, општина Гевгелија плански период 2009-2019 година ..................................................................................... **8**
**11**.Решение за давање согласност на Програмата за работни активности на ЈПКД ″Комуналец″- Гевгелија за 2022 година ........................................................**9**

,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ Излегува по потреба
Уредува и издава службата за стручно административни и општи работи.